# ANALYSIS OF PRODUCTIVITY IN FINANCIAL ACTIVITIES AND INSURANCE SECTOR IN MACEDONIA

**Irina Joldeska**
Faculty of tourism and hospitality – Ohrid, Macedonia, irina.joldeska@uklo.edu.mk
**Tatjana Dimoska**
Faculty of tourism and hospitality – Ohrid, Macedonia, tanjadimoska@yahoo.com
**Stevco Meceski**
Faculty of tourism and hospitality – Ohrid, Macedonia, smeceski@yahoo.com
**Slavica Dimoska**
Faculty of tourism and hospitality – Ohrid, Macedonia, slavicadimoska@yahoo.com

**Abstract:** The ability to transform input resources into a higher level of output resources, represented through finished products and services as outputs, is known as productivity. The efficiency of society to transform the insurance products and services offered to the final consumers and meet their needs will also lead to an increase in productivity. In our country, productivity in the insurance sector has not been sufficiently studied. The aim of this paper is to assess and analyze the changes that have occurred in the field of productivity within financial activities and insurance in Macedonia. Financial activities and insurance are among the key sectors contributing to the creation of Gross Domestic Product (GDP) in the country. Considering that the global insurance sector experienced a growth of 7.5% last year, the highest in the last fifteen years, while in our country it grew by 12.2%, particular attention should be given to the results emerging from the insurance sector as a component interlinked with the financial sector. In Macedonia, insurance is strictly regulated for companies involved in life and non-life insurance. However, this research does not distinguish between them, as the data is presented collectively with financial activities. This study examines the relationship between Gross Domestic Product (GDP), GDP in the Financial Sector and Insurance, and the number of employees in the insurance sector. Financial activities and insurance are characterized by higher labor productivity compared to other sectors, which have lower productivity. It has been determined that to increase labor productivity in financial activities and insurance, their participation in the GDP must be increased. Using various methods of data analysis, several conclusions have been reached, which form the basis for further research. In the digital age, future attention should be focused on technological advancements and tools arising from them, as they will have a significant impact on both the financial sector and insurance, particularly on labor productivity and employment.
**Keywords:** Financial activities, insurance activities, labor productivity, Gross Domestic Product, employees.

# АНАЛИЗА НА ПРОДУКТИВНОСТ ВО ФИНАНСИСКИТЕ ДЕЈНОСТИ И ДЕЈНОСТИТЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО ВО МАКЕДОНИЈА

**Ирина Јолдеска**
Факултет за туризам и угостителство - Охрид, Македонија, irina.joldeska@uklo.edu.mk
**Татјана Димоска**
Факултет за туризам и угостителство - Охрид, Македонија, tanjadimoska@yahoo.com
**Стевчо Мечески**
Факултет за туризам и угостителство - Охрид, Македонија, smeceski@yahoo.com
**Славица Димоска**
Факултет за туризам и угостителство - Охрид, Македонија, slavicadimoska@yahoo.com

**Резиме:** Способноста за што поголема трансформација на влезните ресурси за да се добие поголемо ниво на излезни ресурси претставени преку готовите производи и услуги како аутпути, ја претставува продуктивноста. Ефикасноста на општеството да ги трансформира осигурителните производи и услуги кои се нудат на крајните потрошувачи и ги задоволуваат нивните потреби, ќе значи и пораст на продуктивноста. Кај нас сеуште не е доволно проучувана продуктивноста во осигурителниот сектор. Целта на овој труд е да се согледаат и анализираат промените кои настанале во областа на продуктивност во рамките на финансискиот дејности и осигурувањето во Македонија. Финансиските дејности и дејностите на

осигурување претставуваат едни од основните, во градењето на вредностите на Бруто-домашниот производ во земјата.
Со оглед на тоа дека глобалниот осигурителен сектор изминатата година бележи пораст од 7.5 проценти, кој е најголем, споредено со последните петнаесет години, додека во нашата држава 12.2 проценти, треба особено да се внимава на резултатите кои произлегуваат од осигурителниот сектор како взаемна компонента со финансискиот сектор.
Во Македонија осигурувањето е строго регулирано на компании кои работат со животно и неживотно осигурување, меѓутоа во рамките на истражувањето не е направена дистинкција помеѓу нив, бидејќи податоците се дадени збирно заедно со финансиските дејности.
Во рамките на овој труд направено е истражување и се утврдува зависноста помеѓу Бруто-домашен производ, Бруто домашен производ во Финансискиот сектор и осигурување и бројот на вработени во осигурителен сектор. Финансиските дејности и осигурување се карактеризираат со поголема продуктивност на трудот, за разлика од другите дејности кои имаат пониска продуктивност. Утврдено е за да дојде до зголемување на продуктивноста на трудот во финансиските дејности и дејностите на осигурување потребно е да се зголеми нивното учеството во Бруто-домашниот производ. Преку користењето на повеќе различни методи при анализа на податоците, се доаѓа до повеќе заклучоци кои се предмет на анализа и основа за понатамошни истражувања.
Во време на дигитална ера во иднина треба особено да се внимава на напредокот во технологијата и алатките кои произлегуваат последователно со неа, бидејќи ќе имаат значајно влијание и врз финансикиот сектор и осигурување, особено врз продуктивноста на трудот и бројот на вработени.
**Клучни зборови:** финасиски дејности, дејности на осигурување, продуктивност на трудот, Бруто домашен производ, вработени.

## 1. ВОВЕД

Како индустрија, осигурувањето се смета за сектор со бавен раст, но сигурен за инвеститорите. Овој впечаток не е толку силен како што беше во 1970-тите и 1980-тите години, но сè уште е генерално точен кога се споредува со други финансиски сектори (Beers, B, 2023). Осигурителниот сектор е мошне значаен учесник во финансискиот пазар. Таа поврзаност несомнено се согледува преку големиот број производи и услуги кои се нудат на граѓаните, при тоа мобилизирајќи значителен дел на финансиски средства кои ќе ја збогатат понудата на капитал. Осигурителните компании можат да бидат важни за стабилноста на финансиските системи, главно затоа што тие се големи инвеститори на финансиските пазари, затоа што постојат сè поголеми врски помеѓу осигурителите и банките и затоа што осигурителите ја обезбедуваат финансиската стабилност на домаќинствата и фирмите преку осигурување на нивните ризици (ECB, 2009). Осигурителниот сектор им помага на поединците, бизнисите и владата да управуваат со ризиците, обезбедувајќи покритие против различни опасности. Со пренесување на ризиците на осигурителите, економските субјекти можат да се ангажираат во продуктивни активности и инвестиции, што може да придонесе за економски раст (Osuagwu & Amadi, 2019). Осигурителната индустрија го поттикнува економскиот раст преку инвестирање на осигурителните премии. (Ayewumi & Awani, 2021; Safitri, 2019; Yeboah & Oppong, 2017). Добро организиран осигурителен сектор е од суштинско значење за промовирање на одржлив економски раст и стабилизација, преку поттикнување на мобилизацијата на капиталот, како и ефикасни инвестиции преку финансиските пазари (State Bank of Pakistan, 2016). Се покажува дека растот на продуктивноста забележан во сите земји во суштина се должи на подобрувања во технолошкиот напредок (Donni, O., Fecher F, 1997). Македонија е земја каде сеуште не е доволно проучувана продуктивноста во осигурителниот сектор. Продуктивноста е показателот кој ја прикажува успешноста и ефикасноста на едно општество. Продуктивност на вработените генерално се подразбира како способност за трансформација на влезни ресурси во излезен готов производ или услуга. Всушност се мери колкав излез вработените произведуваат со користење на расположливите ресурси, во определен временски период (Workplace&Empoyee Productivity,2024). Продуктивноста на трудот само парцијално ја рефлектира продуктивноста од аспект на лични капацитети на работниците или интензитетот на нивниот напор. Рациото помеѓу финалниот резултат од трудот и неговата влезна вредност се во голема зависност од употребата на други ресурси (капитал, полупроизводи, технички, организациски и економија на продуктивност), но во централниот дел е човечкиот капитал кој што ги “трансформира” другите ресурси во финален производ (Зафироски, С., август 2024). Недепозитните финансиски институции (осигурителни компании, пензиски фондови, инвестициски фондови, финансиски компании, брокерски компании итн.) се присутни во финансискиот систем, но нивното учество во финансискиот систем е многу помало (НБРМ, 2024). Затоа, финансискиот систем на државава е релативно едноставен, со неразвиени финансиски пазари (Цветкоска и

Фотова Циковиќ, 2020). Финансиските дејности и дејностите на осигурување претставуваат едни од основните, во градењето на вредностите на Бруто-домашниот производ во земјата. БДП го мери монетарниот износ на финалните добра и услуги – односно оние што ги купува крајниот корисник – произведени во една земја во одреден временски период (на пример, квартал или година) (Callen, T, 2024) Во четвртото тримесечје од 2023 година, како посебно истакнат сектор каде се бележи поголем пораст е секторот Финансиски дејности и дејности на осигурување од 3.5 %(ДЗС, 2024). Продуктивноста на трудот го претставува вкупниот обем на производство (измерен преку Бруто домашниот производ, БДП) произведен по единица труд (измерен преку бројот на вработени лица или бројот на работни часови) во одреден временски период (ILOSTAT,2024). Во рамките на овој труд основната цел е да се согледаат и анализираат промените кои настанале во областа на продуктивност во рамките на финансиските дејности и осигурувањето, па затоа како основни показатели за истражувањето ќе се земат БДП и бројот на вработени во финансискиот сектор и осигурувањето. Со цел да се обезбеди поголема конкурентност на пазарот во финансиските дејности и осигурувањето, потребно е да се зголеми продуктивноста на трудот, а тоа ќе влијае и на зголемување на учеството во БДП.

## 2. МАТЕРИЈАЛИ И МЕТОДИ

Кога се зборува за висината на платите во финансиските дејности и дејностите на осигурувањето, може да се каже дека тие доста високо котираат во поглед на останатите дејности во државата. Меѓутоа за тоа каков ќе биде односот помеѓу бројот на вработени, финансиските дејности и дејностите на осигурувањето и Бруто домашниот производ (во понатамошниот текст БДП), тоа ќе претставува основа за истражување на овој труд. Зголемувањето и растот на продуктивноста како специфичен фактор на производство е значајно во поглед на две работи. Прво, растот на продуктивноста е основа за пораст на реалните плати и животниот стандард на работниците, а второ, тој претставува антиинфлаторна сила, така што го апсорбира растот на номиналните плати (Николоски, Д). Основната цел на овој труд е да се пресмета нивото на продуктивност на трудот во финансиските дејности и дејностите на осигурувањето, а преку тоа и да се испита зависноста помеѓу продуткивноста на трудот и БДП.

Основните методи кои ќе се користат при анализата во овој труд се следните: дескриптивна метода, методи на анализа и синтеза, анализа на корелација и регресија.

Преку тие методи ќе се даде одговор на следните хипотези, 1. Дали има поврзност помеѓу продуктивноста на трудот во финансиските дејности и дејностите на осигурувањето и БДП во Македонија и 2. Дали во анализираниот период од 2000-2022 година нивото на продуктивност во финансиските дејности и дејностите на осигурувањето е подобрено?

Финансиските дејности и дејностите на осигурувањето се карактеризираат со поголема продуктивност на трудот, за разлика од другите дејности кои имаат пониска продуктивност. Утврдено е за да дојде до зголемување на продуктивноста на трудот во финансиските дејности и дејностите на осигурување потребно е да се зголеми нивното учеството во БДП. Преку користењето на повеќе различни методи при анализа на податоците, се доаѓа до повеќе заклучоци кои се предмет на анализа и основа за понатамошни истражувања.

## 3. РЕЗУЛТАТИ

### Продуктивност на трудот во финансиските дејности и дејностите на осигурување во Македонија за период 2000-2022

Економската наука бележи повеќе индикатори за мерење на продуктивноста. Како еден од најчесто споменуваните е продуктивноста на трудот. Тој претставува однос од БДП со работните часови на сите вработени. Земји со најголема продуктивност на трудот, во први десет земји во Светот во 2023 година, според податоците се Луксембург 146 долари продуциран БДП по работен час, Ирска со 143 долари, Норвешка 93 долари, САД 92 долари, Холандија 80 долари, Данска 78 долари, Швајцарија 76 долари, Белгија 75 долари, Австрија и Сингапур со 74 долари. Оттука се заклучува дека тоа се сите развиени и добростоечки економии. Во рамките на финансиските дејности и дејностите на осигурување, продуктивноста ќе се анализира од добиените резултати на количникот помеѓу БДП во финансиските дејности и дејностите на осигурување и работната сила во истоимениот сектор(НБРМ и ДЗС).

Табела бр. 1

**Продуктивност на трудот во финансиските дејности и осигурувањето во Македонија за период 2000-2022**

| Година | БДП во финансиските дејности и дејностите на осигурувањето * | Вработени во финансиските дејности и дејностите на осигурувањето | Продуктивност на трудот |
|---|---|---|---|
| 2000 | 5526 | 5439 | 1,0 |
| 2001 | 5014 | 5776 | 0,9 |
| 2002 | 5167 | 6561 | 0,8 |
| 2003 | 4085 | 6394 | 0,6 |
| 2004 | 5480 | 6448 | 0,8 |
| 2005 | 7932 | 7014 | 1,1 |
| 2006 | 8712 | 7115 | 1,2 |
| 2007 | 9757 | 7517 | 1,3 |
| 2008 | 10905 | 8266 | 1,3 |
| 2009 | 10984 | 8764 | 1,3 |
| 2010 | 9703 | 8957 | 1,1 |
| 2011 | 11327 | 9320 | 1,2 |
| 2012 | 13542 | 9185 | 1,5 |
| 2013 | 13863 | 9513 | 1,5 |
| 2014 | 15418 | 9959 | 1,5 |
| 2015 | 17045 | 9704 | 1,8 |
| 2016 | 17582 | 9537 | 1,8 |
| 2017 | 19313 | 10005 | 1,9 |
| 2018 | 19276 | 9852 | 2,0 |
| 2019 | 19293 | 10126 | 1,9 |
| 2020 | 20636 | 10256 | 2,0 |
| 2021 | 22187 | 10377 | 2,1 |
| 2022 | 23095 | 10883 | 2,1 |

Извор: Сопствена анализа
*БДП е изразен во милиони денари

Анализирајќи ги последните три години може да се заклучи дека продуктивноста на трудот во финансиските дејности и дејностите на осигурување значително пораснала во поглед на претходните, или дури двојно во споредба со почетниот период на анализа, а за разлика од неа БДП во финансиските дејности и дејностите на осигурување, четирикратно се зголемил за истоимениот период.

Со цел да се утврди каква е промената во продуктивноста во перидот 2020-2022 год. се врши пресметка на стапката на продуктивност, при тоа споредувајќи ја секоја година, во однос на претходната, земајќи ја во предвид реалната стапка на промена. Таа пресметка се врши со помош на формулата за верижни индекси, кои спаѓаат во групата на индивидуални индекси и имаат променлива базна вредност.

Табела бр. 2

**Анализа на промените на продуктивност на трудот во финансиските дејности и дејностите на осигурување во Македонија за период 2000-2022**

| Година | Реална стапка на раст на БДП (во %) | Промена во БДП во финансиските дејности и дејностите на осигурување (во %) | Промена во бројот на вработени | Промени во продуктивноста на трудот |
|---|---|---|---|---|
| 2001/2000 | -1,07 | -9,3 | 6,1 | -14,6 |
| 2002/2001 | 4,3 | 3,05 | 13,6 | -9,3 |
| 2003/2002 | 5,9 | -20,1 | -2,5 | -18,9 |
| 2004/2003 | 4,6 | 34,1 | 0,8 | 33,0 |
| 2005/2004 | 3,8 | 44,7 | 8,7 | 33,0 |
| 2006/2005 | 3,7 | 9,8 | 1,4 | 8,2 |
| 2007/2006 | 5,9 | 11,9 | 5,6 | 6,0 |
| 2008/2007 | 4,8 | 11,7 | 10 | 1,6 |
| 2009/2008 | -0,9 | 0,7 | 6,0 | -5,0 |
| 2010/2009 | 1,8 | -11,7 | 2,2 | -13,6 |
| 2011/2010 | 2,8 | 16,7 | 4,0 | 12,2 |
| 2012/2011 | -0,4 | 19,5 | -1,5 | 21,3 |
| 2013/2012 | 2,7 | 2,3 | 3,6 | -1,2 |
| 2014/2013 | 3,5 | 11,2 | 4,7 | 6,2 |
| 2015/2014 | 3,8 | 10,5 | -2,6 | 13,4 |
| 2016/2015 | 2,9 | 3,1 | -1,7 | 4,9 |
| 2017/2016 | 0,2 | 9,8 | 4,9 | 4,7 |
| 2018/2017 | 2,7 | -0,2 | -1,6 | 1,3 |
| 2019/2018 | 3,2 | 0,08 | 2,7 | -2,6 |
| 2020/2019 | -6,1 | 6,9 | 1,3 | 5,6 |
| 2021/2020 | 3,9 | 7,5 | 1,2 | 6,2 |
| 2022/2021 | 2,2 | 4,1 | 4,9 | -0,7 |

Извор: Сопствена пресметка

Во трудот се опфатени поголем број на податоци, за подолг временски период, во кој Македонија поминува низ повеќе турболентни периоди. Анализирајќи ја табела бр. 2 во која се претставени Реалната стапка на раст на БДП, Промена во БДП во финансиските дејности и дејностите на осигурувањето и Промена во бројот на вработени се доаѓа до повеќе заклучоци. Започнувајќи со Реалната стапка на раст на БДП која е 1,07%,а промена во БДП во финансиските дејности и дејностите на осигурување од 2000 каде стапката е негативна со голем коефициент достигнувајќи дури - 9,3%, промената во бројот на вработени е 6,1%, но нивната продуктивност и промените кои настануваат околу неа се дури -14,6%. Овој период е доста тежок за целокупното стопанство поради нестабилноста на државата, каде се бележи негативен раст во многу сектори. Веќе после 2004 година со стабилизирање на состојбата, се бележат и позитивни вредности во финансиските дејности и дејностите на осигурување. Драстично се зголемува Промена во БДП во финансиските дејности и дејностите на осигурување која достигнува дури 34,1%, но сепак промената во бројот на вработени скоро и да не е променета. За разлика од стабилниот број на вработени, нивната промена во продуктивноста се зголемува тројно, достигнувајќи 33% промена. Последните години од анализата бележат стабилни промени во нагорна линија. Доколу како базна година ја земеме 2000, може да се заклучи дека промена во БДП за 2022 во однос на почетната 2000 во финансиските дејности и дејностите на осигурување е дури 418%, Бројот на вработени се зголемил повеќе од двојно, а промената во продуктивноста е дури 209%.

**Испитување меѓузависност помеѓу БДП, продуктивноста на трудот и бројот на вработени во финансиските дејности и дејностите на осигурување во Македонија за период 2000-2022**

Податоците кои се предмет на обработка ќе дадат значаен придонес при докажувањето на првата хипотезите:
- Дали има повразност помеѓу продуктивноста на трудот во финансиските дејности и дејностите на осигурувањето и БДП во Македонија?
- Дали во анализираниот период од 2000-2022 година нивото на продуктивност финансиските дејности и дејностите на осигурување е подобрено?
Со цел да се пристапи кон нејзино докажување, потребно е најпврво да се испита корелацијата помеѓу трите показатели БДП, Продуктивноста на трудот и бројот на вработени во финансиските дејности и дејностите на осигурување, прикажано преку Табела бр.3.

Табела 3
**Регресиона анализа за трите показатели БДП, продуктивност на трудот и бројот на вработени во финансиските дејности и дејностите на осигурување**

| Модел | Коефициент на корелација R | Коефициент на детерминација $R^2$ | Прилагоден $R^2$ | Стандардна грешка на проценка | F | df | Степен на значајност p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ,887[a] | ,786 | ,776 | ,21636 | 77,249 | 1 | ,000 |
| 2 | ,985[a] | ,971 | ,970 | ,07951 | 706,520 | 1 | ,000 |
| 3 | ,990[a] | ,980 | ,978 | ,06826 | 483,531 | 2 | ,000 |

Модел 1. Предиктори: (константа), вработени
Модел 2. Предиктори: (константа), БДП
Модел 3. Предиктори: (константа), вработени, БДП
Извор: сопствени пресметки

Кога се анализира поврзаноста помеѓу вработените како ресурс и продуктивноста на трудот, тогаш врз основа на регресионата анализа може да се заклучи дека помеѓу овие две варијабли постои мошне јака меѓусебна зависност што е прикажана преку коефициентот на корелација кој изнесува 0,887. Имено, вработените се значаен предиктор на продуктивноста на трудот (бидејќи степенот на значајност $p < 0,05$ односно $p = 0,000$), така што дури 77,6 % од промените во продуктивноста на трудот се резултат на промените кои настануваат во вработеноста (модел 1, табела 3).
Ако се анализира поврзаноста помеѓу БДП и продуктивноста на трудот (модел 2, табела 3) тогаш може да се забележи дека постои скоро идеална поврзаност помеѓу зависната варијабла (продуктивност на трудот) и независната варијабла (БДП) што може да се види од коефициентот на корелација кој изнесува 0,987. Коефициентот на детерминација покажува дека дури 97,1 % од варијабилноста во продуктивноста на трудот е резултат на промените кои настануваат во БДП.
Доколку се анализира збирното влијание на двата предиктори (вработеност и БДП) врз продуктивноста на трудот (модел 3, табела 3), тогаш може да се види дека збирното влијание на овие два предиктори врз продуктивноста на трудот е поголемо отколку ако се анализираат нивните поединечни влијанија. Коефициентот на корелација изнесува 0,990 односно значи постоење на мошне силна, скоро идеална поврзаност помеѓу зависната варијабла и независните варијабли, додека пак коефициентот на детерминација покажува дека дури 98 % од промените во продуктивноста на трудот се резултат на промените кои настануваат во вработеноста и во БДП што значи дека вработеноста и БДП се значајни предиктори (предвидувачи) на продуктивноста на трудот (степн на значајност $p = 0,000$).
Оттука се заклучува дека со зголемување на бројот на вработените, ќе расте и продуктивноста (продуктивноста се зголемува со поголема работа сила), но сепак коефициентот на вработеноста е релативно мал. Во земји кои имаат работна сила која е недоволно квалификувана, зголемувањето на бројот на вработеноста може да има ограничено влијание врз нивото на продуктивност. Затоа е потребно вложување во работната сила, во обуки, преквалификации и технологии.
Во земјите со висок економски раст и со високо ниво на БДП, следствено е дека и продуктивноста ќе биде висока поради тоа што тие претставуваат капитално интензивни индустрии, со доста високо развиена технологија и паметно и ефикасно искористување на ресурсите. Во Македонија, како земја во развој, растот на БДП ќе биде поврзан со структурните промени кои ќе ја подобруаат продуктивноста.

БДП претставува значаен предиктивен фактор за продуктивноста во државата истакнувајќи ја неговата силна поврзаност со неа. Со тоа се укажува на БДП, како доминантен предиктор, со значително силно влијание врз продуктивноста, за разлика од вработеноста каде неговата влијание врз продуктивноста е со негативен раст. Негативното влијание на вработеноста врз продуктивноста може да значи дека тоа е поттикнато до намалените маргинални приноси, структурните промени како и зголемување на квантитетот на трудот, наспроти квалитетот.

## 4. ДИСКУСИИ И ЗАКЛУЧОЦИ

Преку оптималното искористување на ресурсите, се озовможува економскиот развој да доведе до згомеување благосостојбата и животниот стандард. Од друга страна пак економскиот развој е тој кој доведува до зголемување на продуктивноста. Оттука зголемувањето на продуктивноста е условено од зголемувањето на БДП. Колку БДП се зголемува со побрзо темпо од вработеноста, толку и продуктивноста ќе биде поголема. Тоа што значајно влијае на зголемување на продуктивноста е технолошкиот развој и иновациите, бидејќи директно влијаат кон намалување на времето и/или ресурсите кои што се потребни за производство на единица производ, вклучувајќи ги и вработените. Единствено преку употреба на иновации и најнови технологии вклучувајќи ја и Вештачката интелегенција, може да се очекува значително придвижување за остварување на целта. (Зафировски, С).

Како резултат на подобрувањата во продуктивноста, оперативните модели на осигурителните компании во 2030 година ќе бидат значително помалку трудоинтензивни отколку што се денес. Затоа, низ секој елемент од синџирот на вредности на осигурувањето – вклучувајќи го производот, дистрибуцијата, ценовната политика и андеррејтингот, издавањето и услугата на полиси, барањата, ИТ и другите функции за поддршка – осигурителната компанија во 2030 година веројатно ќе изгледа многу поинаку од осигурителната компанија денес(Erk, A., Patiath, P., Pedde, J., Ouwerkerk, J.) . Бидејќи финансиските сектори и осигурувањето претставуваат едни од основните компоненти во градењето на БДП во земјата, треба особено да се залагаме за зголемувањето на нивната продуктивност, преку која ќе се дојде и до зголемување на БДП.

Главниот двигател при зголемувањето на продуктивноста на трудот се вработените. Треба и те како да се обрни внимание на човечките ресурси во финансискиот сектор и осигурувањето. Главните препораки
се да се гради доверлив и чесен однос кон вработените, а самите тие да чувствуваат пријатна клима за работа со што ќе се трудат да градат одговорност за успехот на компанијата, а преку кој ќе ја зголемуваат ефикасноста и продуктивноста на истата. Човечкиот фактор и дополнителните обуки, дообразование, пристап до семинари и обуки, како и можноста да користат модерна технологија, ќе им овозможат повисоко ниво на обученост со која ќе можат со забрзано темпо да се движат и да ги совладуваат светките предизвици за развој во овие сектори, а преку тоа да бидат и попродуктивни и поуспешни. Првенствено за своите компании, а преку тоа и за државата во целост, зголемувајќи го е

## ЛИТЕРАТУРА

Ayewumi, E. F., & Awani, A. M. (2021). Financial sector development indicators and economic growth: Evidence from Nigeria. *Dutse International Journal of Social and Economic Research*, 6(3), 21-38

Beers, B., (2023). *A Brief Overview of the Insurance Sector*, Investopedia, https://www.investopedia.com/ask/answers/051915/how-does-insurance-sector-work.asp

Cvetkoska, V., and Fotova Cikovic, K. (2020). Assessing the relative efficiency of commercial banks in the Republic of North Macedonia: DEA window analysis. Croatian Operational Research Review. Vol. 11, p. 217-227.

Callen, T., (2024). *Gross domestic profit: An Economy's all*, Finance & Development magazine, International Monetary Fund, https://www.imf.org/en/Publications/fandd/issues/Series/Back-to-Basics/gross-domestic-product-GDP

Donni, O., Fecher, F. (1997). *Efiiciency and Productivity of the Insurance Industry in the OECD Countries*, The Geneva Papers on Risk and Insurance-Issues and Practise, https://link.springer.com/article/10.1057/gpp.1997.37

Erk, A., Patiath, P., Pedde, J., Ouwerkerk, J., (2020). *Insurance productivity 2030: Reimagining the insurer for the future*, McKinsey & Company, https://www.mckinsey.com/industries/financial-services/our-insights/insurance-productivity-2030-reimagining-the-insurer-for-the-future?cid=eml-web

International labour organization. (2024). *Statistic on labour productivity*, https://ilostat.ilo.org/topics/labour-productivity/

Krstic, B., Sekulic, V. (2013). Upravljanje performansama preduzeca, Ekonomski fakultet, Nis.

Noreen, U., Ahmad, S. (2016). *Cost Efficiency and Total Factor Productivity: An Empirical Analysis of Pakistan's Insurance Sector*, The Lahore Journal of Economics, pg.123-150, https://repository.lahoreschool.edu.pk/xmlui/bitstream/handle/123456789/14812/05%20Noreen%20and%20Ahmad%20ED%20ttc.pdf?sequence=1&isAllowed=y

Николоски, Д., *Платите и продуктивноста*, https://eprints.uklo.edu.mk/id/eprint/9353

Зафировски, С. (2024). Зголемување на продуктивност - најголем предизвик за економиите во 21-ви век, Бихејворизам и економија.

European Central Bank. *The Importance of Insurance Companies for Financial Stability*, https://www.ecb.europa.eu/pub/pdf/fsr/art/ecb.fsrart200912en_05.pdf

Osuagwu, E. E., & Amadi, C. N. (2019). The insurance sector and economic growth: An empirical analysis of Nigeria. *Journal of Economic, Management and Trade*, 25(3), 1-14

Workplace & Empoyee Productivity: *13 Productivity Improvement Measures*, https://www.personio.com/hr-lexicon/workplace-employee-productivity/#

Аагенција за супервизија на осигурување, https://aso.mk/ 2024

Државен завод за статистика, https://www.stat.gov.mk 2024

Народна банка на Република Македонија, https://www.nbrm.mk/ , 2024